# Република Северна Македонија
## Државен инспекторат за земјоделство

Архивски број:04-481/2
Датум: 17.05.2022 година

Врз основа на член 30 став 1 алинеја 2 став 3 и став 5, член 48 и член 49 од Законот за Административни службеници (Службен весник на Република Македонија бр.27/14,199/14,48/15,154/15, 5/16, 142/16 и 11/18) и („Службен весник на Република Северна Македонија" број 275/19,14/20,112/2020 и 215/2021), Известувањето за обезбедени финансиски средства бр.04-129/2 од 14.03.2022 година од Министерството за финансии, како и Правилникот за формата и содржината на интерниот оглас, начинот на спроведување на административната селекција и интрвјуто, како и начинот на нивно бодирање и максималниот број на бодови од постапката на селекција, во зависност од категоријата на работно место за кое е објавен интерниот оглас (Службен весник на Република Македонија бр.11/15 и 35/18) година, Државниот инспекторат за земјоделство, објавува

**ИНТЕРЕН ОГЛАС број 02/2022**
**За пополнување на работно место со унапредување**

Државниот инспекторат за земјоделство објавува интерен оглас за унапредување на 1 (еден) административен службеник за следното работно место:

**1.Работно место**: Советник инспектор, со шифра ИНС 01 01 В01 001, ниво В1-Одделение за инспекциски надзор од областа на семе, саден материјал, производи за заштита на растенија, квалитет и безбедност на ѓубрива, биостимулатори и подобрувачи на својствата на почвата - Сектор за инспекциски надзор од областа на семе, саден материјал, производи за заштита на растенија,квалитет и безбедност на ѓубрива, биостимулатори и подобрувачи на својствата на почвата, цвеќе, генетски модифицирани организми и виното и лозарството- 1 извршител

**Посебни услови** предвидени за работното место утврдени со Законот за инспекциски надзор, и актото за систематизација на работните места:
- **Стручни квалификации**: ниво на квалификациите VIA според Македонската рамка на квалификации и стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен, Добиточно производство (Сточарство), Растително производство, Наука за земјиштето и хидрологија

- **Работно искуство:** најмалку 3 (три) години работно искуство по дипломирањето;

**Посебни работни компетенции:**
- Активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски, германски), активно познавање
- компјутерски програми за канцелариско работење

**Други професионални квалификации, способности вештини и лични квалитети:**


Државен инспекторат за земјоделство
Република Северна Македонија
Ул. Бул.Гоце Делчев бр.18 (Зграда на МТВ 13 кат)
Република Северна Македонија
+389 (02) 3121 462
www.diz.gov.mk

- Да има добри комуникациски вештини, способност за тимска работа, работа под притисок и извршување на работата во рок, иницијативност, инвентивност, одлична вербална и писмена комуникација, одлични организациски вештини, чесност и лојалност.

**Општи услови :**

- да е државјанин на Република Македонија,
- активно да го користи македонскиот јазик,
- да е полнолетен,
- да има општа здравствена способност за работното место
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност

**Распоред на работно време:**

- неделно работно време: од понеделник до петок;
- работни часови неделно: 40
- работно време: со почеток на работно време помеѓу 7:30 и 8:30 часот и завршеток на истото помеѓу 15:30 и 16:30 а со вкупно времетраење на работниот ден од осум часа.

**Паричен нето износ** на збир од делот на плата за степен на образование и делот на плата за ниво: 26.253,00 денари.

На интерениот оглас може да се јави административен службеник, вработен во Државниот инспекторат за земјоделство, кој ги исполнува горенаведените општи и посебни услови за пополнување на работното место пропишани за соодветното ниво во овој закон и во актот за систематизација, како и :

- да е оценет со оцена „А" или „Б" при последното оценување,
- да е на работно место на непосредно пониско ниво или да е на работно место во рамки на истата категорија во која е работното место за кој е објавен интерниот оглас
- да поминал најмалку две години на тековното работно место и
- да не му е изречена дисциплинска мерка во последната година пред објавувањето на интерниот оглас.

Заинтересираните административни службеници поднесуват пополнета пријава и докази за исполнување на општи и посебни услови за работното место преку архивата на Државниот инспекторат за земјоделство до Одделението за управување со човечки ресурси како и до службената електронска адреса covecki.resursi@diz.gov.mk со назнака "за интерен оглас 02/2022"

Рокот за поднесување на пријавата со доказите трае 5 (пет) дена од денот на објавување на веб страната на Државниот инспекторат за земјоделство и веб страната на Агенцијата за администрација.

Кандидатите кои пријавата покрај доказите за исполнување на општите и посебните услови, може да ги приложата и следните докази:

- потврда за успешно реализирани обуки

- потврда за успешно реализирано менторство

Ненавремено, нецелосна и неуредена пополнета пријава, нема да биде предмет на разгледување.

Постапката ќе ја спроведе Комисијата за селекција за унапредување формирана од страна на директорот на Државниот инспекторат за земјоделство.

**НАПОМЕНА:** Кандидатот кој внел лажни податоци во пријавата се дисквалификува од натамошна постапка.

В.Д Директор
Зоран Шапуриќ

*Изработил:С.Д*
*Одобрил:М:М*


Државен инспекторат за земјоделство
Република Северна Македонија
Ул. Бул.Гоце Делчев бр.18 (Зграда на МТВ 13 кат)
Република Северна Македонија
+389 (02) 3121 462
www.diz.gov.mk

**Република Северна Македонија**
**Државен инспекторат за земјоделство**

**Архивски број:04-________**
**Датум:________ година**

ОБРАЗЕЦ ЗА ПРИЈАВА
ПО ИНТЕРЕН ОГЛАС ЗА ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОРАТ
ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО

**1.Податоци за огласот:**

-Број на интерниот оглас ________________

-Реден број на работно место за кое се пријавува ________________

**2.Лични податоци за кандидатот:**

-Име ________________

-Презиме ________________

-Вработен во сектор (тековно работно место,ниво) ________________

-Припадност на заедница ________________

-Контакт телефон ________________

**3.Податоци за исполнување на посебни услови:**

-Степен на образование или стекнати кредити според

ЕКТС: IV, VI, VII/1, VA 60-120, VIA 240, VIБ 180 ЕКТС ________________

Вид на образование

-Образование и институција ________________

-Насока ________________

-Датум и број на диплома ________________

-Податоци за работноискуство – години, месеци ________________


Државен инспекторат за земјоделство
Република Северна Македонија

Ул. Бул.Гоце Делчев бр.18 (Зграда на МТВ 13 кат)
Република Северна Македонија

+389 (02) 3121 462
www.diz.gov.mk

**4. Податоци за оценување во последните 3 години**
**Пред објавување на интерниот оглас** ______________________

**5.Податоци за изречена дисциплинска мерка 1 година**
**пред објавување на интерниот оглас** ______________________

**6. Податоци за звањето на административниот службеник**
**во последниве две години пред објавување на интерниот оглас** ______________________

Изјавувам под морална, материјална и кривична одговорност, дека податоците наведени во образецот за пријавата за унапредување се веродостојни и дека на барање на надлежниот орган ќе доставам докази во оригинал или копија заверена на нотар.

Кандидатот кој внел лажни податоци во пријавата се дисквалификува од понатамошната постапка.

**Подносител на пријавата**

______________________


Државен инспекторат за земјоделство
Република Северна Македонија

Ул. Бул.Гоце Делчев бр.18 (Зграда на МТВ 13 кат)
Република Северна Македонија

+389 (02) 3121 462
www.diz.gov.mk